AUSTRIAN DEVELOPMENT AGENCY
Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region
Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

2024

# ИЗВЕШТАЈ

## Групи најизложени на ризик во услови на криза

## Улога на жената во услови на криза




CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004
Центар за истражување и анализи
НОВУС

# Содржина:

**Вовед** .... 3
**Улогата на жената во услови на криза** .... 4
**Заклучок:** .... 5
**Предлог мерки:** .... 6
Предлог мерки до институциите: .... 6
Предлог мерки за заедницата: .... 6
**Заклучок:** .... 7

# Вовед

Живеејќи во динамичен свет, секојдневносме изложени на ризици од најралична природа. Според Извештајот за ризик од 2023 година на Светскиот економски форум, најголем заканувачки ризик за човекот во најновото модерно општество е кризата врз трошоците за живот, односно економската криза.

Според ова, проектот Идентификување и промовирање на инклузивни решенија во услови на криза, има за цел да ги идентификува групите најизложени на ризик во услови на криза, преку најразлични алатки за истражување на моменталната состојба и да изготви предлог решенија за намалување на ризикот на овие групи во услови на криза.

Во првичните фази на проектот беше спроведено исцрпно истражување со користење на инклузивни алатки за истражување.Целта на истражувањето беше да се спроведе темелна анализа на политиките во Југоисточниот плански регион во однос на родовата еднаквост во услови на криза, но и да се идентификуваат потребите, искуствата, причините и последиците со кои се соочуваат жените и најранливите категории граѓани во услови на криза.

Целните групи на ова истражување беа лицата којшто се најзасегнати во услови на криза во четирите општини во Струмичкиот микро регион (Босилово, Василево, Струмица и Ново Село). Инклузивнипот избор на испитаници обезбеди различни перспективи за да ја добиеме целосната комплексна слика за влијанието што ја има кризата врз родовата еднаквост, се разбира, со особен фокус кон групите коишто се најизложени на ризик.

Овде ги вклучивме:

- Граѓаните коишто живеат во руралните средини, изложени на дополнителни предизвици и коишто често се соочуваат со ограничен пристап до ресурсите и услугите во услови на криза;
- Лицата со инвалидитет, каде што ги идентификувавме и анализиравме нивните потреби и предизвици во кризни ситуации, како и пристапот до соодветни услуги и ресурси што влијаат на родовата еднаквост;
- Испитаници од маргинализирани заедници, коишто припаѓаат во етнички или социо-економски маргинализирани групи, каде што нивната вклученост придонесе кон воочување на отежнатите услови и трошоците за живот со кои се соочуваат овие лица во услови на криза.

Истражувањето користеше комбиниран пристап, интегрирајќи квалитетни и квантитивни методи со што се обезбеди целосна и комплексна анализа на влијанието на кризата врз родовата еднаквост. Покрај теренското истражување и онлајн анкетирањето кое беше спроведено на територија на Југоисточен регион, користевме и методи на фокус групи со маргинализирани групи и организации кои работат со маргинализирани групи во услови на криза, и спроведовме 3 интервјуа со лица кои припаѓаат на маргинализираната заедница.

# Улогата на жената во услови на криза

Според истражувањето спроведено во рамки на овој проект, од зголемен интерес ни беа наодите на маргинализираните групи жени со завршено основно и средно образование, што сами по себе носат низа предизвици. Според добиените резултати, 34% од нив се невработени, додека 66% се вработени. Ова ни ја открива сликата за финансиската стабилност на жената, но истовремено и недостатокот и тешкотиите со кои се соочуваат при наоѓање работнипозиции со завршено основно или средно образование, поради дополнителни потешкотии со кои се соочувале при процесот на образование.

Истражувајќи дополнителни извори на информации, како извештаите на меѓународни организации UN Women и NDI, оформивме поголема слика за положбата и улогата на жената во општеството во услови на криза. Според сополнителните истражувања и извештаи кои ги погледнавме, а нашето истражување во рамки на проектот ги потврди овие наоди, увидовме дека жените се повеќе подложни на негативни ефекти во услови на криза, а пример за тоа ни е пандемијата. Најголемо влијание имаат економската загрозеност која најчесто произлегува од губење на работни места во услови на криза, со цел грижа во домаќинството. Овде влијание имаат и зголемување на трошоците за живот, потоа обемот на обврски во домот и отежнување надостапноста на услуги. Овие засегности потоа се прелеваат на сите останати аспекти на животот на жените во услови на продолжена криза.

При спроведување на интервјуа со маргинализирани групи, најизложени на ризик во услови на криза, но и спроведување на фокус групи со најразлични чинители во општеството, ја истакнавме потребата од информирање на жените во општеството за можности за едукација, доедукација и финансиска поддршка во услови на криза. Како базичен проблем се идентификуваше прераното напуштање на образовниот процес, од безброј причини поврзани со одговорноста и очекуваната улога на жената во општеството. Овој проблем подоцна резултира со потешко наогање на работно место и градење на сопствена кариера, а на крај со финансиска зависност на жената од останатите членови на фамилијата или од мажот.

Како најранлива група на жени се истакнаа жените од рурална средина со завршено основно или средно образование. Пристапот до можности за вработување, здраствени услуги или пак обезбедувањето на основни услови за живот во услови на криза, кај оваа група се покажа како најтежок. Дополнително, од дополнителни истражувања како дополнителен проблем кај оваа група на жни се покажа и проблемот со родово базираното и семејното насилство. Статистиките од институциите покажуваат дека во првите месеци од пандемијата процентот на пријави за семејно и родово базирано насилство пораслан за 17%. Податоците всушност покажуваат дека покрај реалните промени кои го отежнуваат животот на жените (а на некои од нив преку зголемени интерсекциски влијанија и значително повеќе) - зголемениот обем на одговорности, товар и стрес, стравот и неизвесноста за тоа што ги очекува во иднина, се дополнителен фактор што придонесува кон зголемување на негативните ефекти од кризата. Во таа смисла предизвиците од полето на

финансиите, работата и семејството добива и една психосоцијална димензија која ги засега капацитетите за справување со бројните предизвици.

## Заклучок:

Жените се повеќе подложни на негативни ефекти во услови на криза, а пример за тоа ни е пандемијата. Најголемо влијание имаат економската загрозеност која најчесто произлегува од губење на работни места во услови на криза, со цел грижа во домаќинството. Овде влијание имаат и зголемување на трошоците за живот, потоа обемот на обврски во домот и отежнување надостапноста на услуги. Овие засегности потоа се прелеваат на сите останати аспекти на животот на жените во услови на продолжена криза. Зголемениот обем на одговорности, товар и стрес, стравот и неизвесноста за тоа што ги очекува во иднина, се дополнителен фактор што придонесува кон зголемување на негативните ефекти кај оваа група.

Како решенија за овој длабински проблем беа истакнати финансиската поддршка и можностите за вработување на жените заедно со информирање за можностите за градење кариера и доедукација во подоцнежните периоди од животот.

# Предлог мерки:

Предлог мерките може да ги поделиме на два дела, предлог мерки до институциите, и предлог мерки за општата заедница, кои може секој еден од нас да ги преземе. Во прилог може да ги проследите мерките кои заедницата и институциите од Југоисточен регион може да ги преземат како следни чекори за истакнување на улогата на жената во услови на криза.

## Предлог мерки до институциите:

1. **Свесност и едукација за родовата еднаквост**

Вложување во едукација на населението и институциите за родова еднаквост и важноста на истата во услови на криза.

2. **Поддршка на граѓански организации**

Институциите треба да ги поддржат граѓанските организации кои покажуваат висока резилентност и креативност да се адаптираат на новонастанати ситуации. Институците треба континуирано да ги подржуваат граѓанските организации кои работат со маргинализирани групи и населението во услови на криза.

3. **Вклучување на родова димензија во процеси на креирање политики за кризни ситуации**

Институциите е важно да користат механизми за вклучување на родова димензија во процеси на креирање политики за во услови на криза, да ги искористат мрежите и практиките на граѓанските организации за подобро поврзување на релните потреби на жените за резилентност и надминување на предизвици од кризата.

4. **Креирање политики и стратегии за специфинчни потреби на мажите и жените во услови на криза**

Институции треба да не се ограничени на само на заштита на населението во услови на криза, туку да вложат и во превенција и во специфични потреби на мажите и жените во услови на криза.

## Предлог мерки за заедницата:

Како заедница и како индивидуалци може да придонесеме кон превенција на поголеми секојдневни изложувања на ризици на маргинализираната заедница, со што ќе придонесиме и кон намалување на ризиците во услови на криза. Како предлог мерки кои секој од нас може да ги преземе ги издвојуваме:

1. **Волонтирање во локални или национални организации:**

Голем број на невладини организации работат кон олеснување на секојдневниот живот на маргинализираната заедница, со што во услови на криза играат голема улога кон поддршка на овие луѓе. Секој индивидуалец може да се вклучи со волонтирање во овие организации и да придонесе

кон намалување на ризици и пружење најразлична помош на маргинализираната заедница во услови на криза.

2. **Подигање на свеста за поддршка за маргинализираната заедница**

Индивидуалците може да работат на подигање на колективната свест за проблемите и ризиците со кои се соочуваат маргинализираните луѓе во услови на криза. Ова може да вклучува организирање информативни отворени денови заедно со локалните организации, организирање сесии, работилници и обуки за јавноста на теми поврзани со пружење помош во услови на криза итн.

3. **Активно слушање и поддршка**

Индивидуалците може да покажат поддршка преку активно слушање на поребите и предизвиците на маргинализираната заедница и преку понуда на адекватна помош, да пружат поддршка на маргинализираната заедница.

## Заклучок:

За подобрување на улогата на жената во услови на криза во Југоисточниот, потребни се соработка и активно ангажирање и од страна на институции и од страна на заедницата како целина.

Институциите треба да се фокусираат на креирање инклузивни политики и вклучување на родова димензија во креираните програми за справување во услови на криза. Важно е да ги искористат ресурсите со кои располагаат, како граѓанските организации и нивната поврзаност со лицата со кои работат и мрежите во кои се вклучени.

Од друга страна, заедницата може да допринесе преку волонтирање во локални или национални организации, подигање на свеста за поддршка за маргинализираната заедница и активно слушање и поддршка на индивидуално ниво.

Креирањето на инклузивно општество во услови на криза е процес што зависи од секој еден од нас. Крос секторската сорбатока и вклученоста на претставници од сите групи на граѓани е неопходна. Промената која сакаме да ја направиме зависи од сите нас, затоа волонтирањето и придонесот на секоја индивидуа е важен во услови на криза.